# О Д Л У К А

за повторно именување на член на Надзорен одбор
на Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, јуни 2020

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О. бр. 339 / 04.03.2020, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на 30.06.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

за повторно именување на член на Надзорен одбор
на Стопанска банка АД - Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје повторно ја именува г-ѓа Димитра Гудуфа (Dimitra Gkountoufa) за член на Надзорен одбор на Стопанска банка АД - Скопје.

2. Мандатот на именуваниот член на Надзорниот одбор од точка 1 од оваа Одлука е со времетраење од 4 години.

3. Оваа Одлука стапува на сила од моментот на добивање согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија за повторно именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје.

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

С.О.Бр. 409
30.06.2020
Скопје

**Претседавач,**

Наташа Трпеноска Тренчевска

Стопанска банка АД * СКОПЈЕ *

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно Законот за банки и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор се именуваат од страна на Собранието на акционери на Банката. Мандатот на членовите е определен на 4 години.

Со оваа Одлука, се предлага Собранието на акционери повторно да ја именува г-ѓа Димитра Гудуфа за член на Надзорен одбор. Тековниот мандат и завршува во јули 2020 година. Г-ѓа Гудуфа е Директор во Кабинетот на Генералниот извршен директор на Национална банка на Грција.

Имајќи го предвид нејзиното искуство како член на Надзорен одбор и Одбор за ревизија на Стопанска банка, нејзиното долгогодишно искуство и знаење од областа на финансиите и оперативните активности на Банката, како и нејзината долгогодишна професионална кариера на високи позиции, се предлага г-ѓа Гудуфа да биде повторно именувана за член на Надзорниот одбор на Банката.

Согласно Законот за банки, предложеното именување стапува на сила по добивањето на согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Скопје, мај 2020 година

**НАДЗОРЕН ОДБОР**